# КАРПОШ
## НЕДЕЛЕН Е-БИЛТЕН
















# ОПШТИНА КАРПОШ НЕДЕЛЕН Е - БИЛТЕН

**ИЗГОТВУВА:**
**ОДДЕЛЕНИЕ ЗА ОДНОСИ СО ЈАВНОСТА**

## НАТПРЕВАРУВАЊЕ ВО „ОДБОЈКА НА ПЕСОК“

Во вторникот (15.09) во СЦР „Никола Карев“ почна дводневното натпреварување во „Одбојка на песок“, помеѓу учениците - одбојкари од територија на Општина Карпош. Квалификации на турнирот „Одбојка на песок“, помеѓу училишните екипи од десетте основни училишта, треба да ги исфрлат финалистите на ова натпреварување кои утре ќе ги продолжат натпреварите. Во организација на Одделението за спорт и култура при Општина Карпош, во вторникот се одиграа елиминационите натпревари, а во среда во СЦР „Никола Карев“, со почеток во 12 часот се одиграа полуфиналните и финалните спортски натпревари. Инаку, топлото септемвриско време им оди во полза на младите спортисти - учесници во овој дводневен турнир.






Kamenitza
CERMAT





# НАЈМАЛИТЕ КАРПОШАНИ УЧЕА ЗА ДОМАШНИ МИЛЕНИЦИ

Најмалите карпошани, децата од градинката „Орце Николов“, во вторникот (15.09) ги посети нивното најмило гостинче, кученцето Агата, кое беше најинтересен „дел“ од предавањето. По повод презентацијата за грижата за животните и домашните миленици, претставници од Агенцијата за храна и ветеринарство, на дечињата им говореа за одговорно сопственииштво, односно како тие да се грижат и безбедно да постапуваат со своите миленици па дури и со животните-скитници. Димитар Терзиевски, вработен во Агенцијата за храна и ветеринарство, истакна дека со проекти кои се реализираат на ваков начин, може да се втемелат добри вредности кај најмалите дечиња во делот на заштитата и благосостојбата како и здравствената заштита на животните. Целта на презентацијата беше едуцирање за начинот на кој треба да се грижат најмалите деца за животните, како тие да се заштитат и како да станат нивен добар „газда“. За таа цел беше поделен рекламен материјал во кој беа впишани совети за безбеден, квалитетен, здрав и среќен живот на миленикот. Директорката на детската установа „Орце Николов“, Савка Ковачевска, говореше за успешниот проект на Агенцијата за храна и ветеринарство спроведен во оваа градинка, како важна тема за најмалите деца. -Денешниот проект посветен на домашните миленици помина прекрасно, децата се уште се дружат со гостинчето, кучето Агата, кое е голема атракција во градинката. Активностите со Агенцијата за храна и ветеринарство што ги зацртавме пред извесно време ќе продолжат и ќе се продлабочуваат и понатаму. Сметам дека после ова предавање дечињата стекнаа многу нови сознанија кои ќе бидат од голема полза за нив. Оваа активност е само една од многуте кои се спроведуваат во текот на целата година во оваа градинка, кои се од големо едукативно значење за децата од предучилишна возраст.









# ПЕСОЧНО ОДБОЈКАРСКО „ЗЛАТО“ ЗА ООУ „ЛАЗО ТРПОВСКИ“

На вториот по ред турнир во „Одбојка на песок“, се одиграа последните натпревари за оваа година, во топла и подеднакво напната атмосфера. По елиминационите натпревари, во вторникот (15.09) беше одиграно полуфиналето и финалето помеѓу најдобрите ученици-одбојкарки на територија на Општина Карпош. Златото оваа година „падна“ во рацете на „ултра“ талентираните одбојкарки од ООУ „Лазо Трповски“, а второто место го заседоа одбојкарките од ООУ „Петар Поп Арсов“, кои до последен здив се бореа за првото место. Третото место го освоија ученичките од ООУ „Димо Хаџи Димов“ кои задоволно го прифатија ова место на листата, со надеж догодина дека тие ќе бидат на одбојкарскиот пиедестал. Турнирот „Одбојка на песок“, кој е во организација на Одделението за спорт и култура при Општина Карпош, помина во одлична спортска манифестација кој се стреми да стане традиционален. Вработениот од Одделението за спорт и култура, Миле Мирчевски детално образложи за турнирот. -Оваа година повторно се одигра финалниот натпревар помеѓу екипите на ООУ „ Петар Поп Арсов “ и ООУ „ Лазо Трповски “, но овој пат победници беа одбојкарките од ООУ „Лазо Трповски“. Турнирот траеше два дена, со натпревари од вчерашните квалификации и денешните полуфанални и финални натпревари. Но, тука не застанува овој турнир. Секоја година ќе продолжиме да го организираме бидејќи на тој начин ги поттикнуваме младите да се занимаваат со спортот и да се стремат за уште повисоки резултати и успеси. На крајот од турнирот, претседателот на Советот на Општина Карпош, Сашо Лазаревски на победниците им го врачи пехарот, кој ќе ги краси полиците во ООУ „Лазо Трповски“. -Општина Карпош уште еднаш покажа дека е лидер во практикување на училишни спортови, а учениците посветуваат огромен интерес за сите настани кои ние ги организираме. Големо задоволство за сите нас кои сме вклучени со активности како Советот, градоначалникот и Општината, претставува тоа што младите се повеќе се приклучуваат и во училишните спортови и во спортските клубови.



# НОВА ШАНСА ЗА ОБНОВА НА ПОКРИВИ

Граѓаните на Општина Карпош ќе имаат нова шанса за нови покриви како и реконстукција на постоечките. На конференцијата (17.09) за печат, првиот човек на локалната самоуправа, Стевчо Јакимовски, информираше за досегашните апликации од јавниот оглас како и за критериумите за учество. -Сакам да Ве информирам за резулататите од јавниот конкурс што го имавме за поправка на покривите на колективните станбени згради на територија на Општина Карпош. Конкурсот траеше повеќе од еден месец. На него се пријавија 14 куќни совети подготвени да учествуваат со заедничка инвестиција за реконстукција или изградба на покриви. Овие 14 згради, ќе ги посети наша петчелена комисија составена со двајца инжињери, еден архитект, правник и вработен во финансии. Согласно критериуми кои беа дадени во огласот, ќе се утврди ранг листа врз основа на која ќе почне да се работи на првата зграда, а потоа согласно рангирањето и распоредот. Јакимовски упати апел до граѓаните за ново аплицирање и ги информираше за дополнителна шанса за изградба нас нов покрив и реконструкција на постоечкиот со помош на Општината. -Сакам да им го соопштам на граѓаните на Карпош за новиот конкурс кој ќе го имаме во јануари следната година, со предвидените буџетски средства за 2016 година. Ги повикувам сите оние куќни совети кои што имаат потреба од реконстуркција на покривите, а и оние кои треба да се променат, благовремено да подготват проекти и да обезбедат средства кои се потребни за учество, како и да извадат градежна дозвола која што се издава во локалната самоуправа, за да може непречено да аплицираат во јануари. Тие покриви ќе се работат од јули до октомври 2016 година – истакна Јакимовски. На новинарски прашања, градоначалникот Јакимовски образложи дека ќе бидат прифатени 14-те апликации доколку правилно се пополнети, а исто така соопшти и дека за новиот конкурс ќе бидат издвоени повеќе буџетски средства, поради големиот интерес на граѓаните. Тој додаде дека за изминатиот конкурс обезбедените 10.000.000 денари ќе ги покријат трошоците во станбените објекти потребни за парна брана, ламарина, олуци и штрафови.

# ЗАПОЧНА ТУРНИРОТ „ФУДБАЛ НА ПЕСОК“

Со елиминационите натпревари (17.09), започна вториот по ред турнир „фудбал на песок“ . Натпреварите од оваа спортска манифестација, која ја организира Одделението за спорт и култура при Општина Карпош, се играат помеѓу училишните екипи од десетте основни училишта од Карпош како и основното приватно училиште „Јахја Кемал“. Полуфиналните и финалните натпревари ќе се одиграат во петок (18.09) на терените на кејот на реката Вардар, поточно спортските терени на Градската плажа.



# КАРПОШАНИ ЈА ОДБЕЛЕЖАА ЕВРОПСКАТА НЕДЕЛА НА МОБИЛНОСТ

Учениците од Карпош беа дел од одбележувањето на „Европската недела на мобилност“, која цела минатата недела беше исполнета со низа активности. Оваа недела е посветена на заштитата на животната средина и промоција на алтернативните видови на транспорт. На полигонот на Машинскиот факултет, во петокот (18.09) беше одржана изложба на електрични и хибридни возила, каде учениците од основните училишта од Карпош се информираа како тие работат и која е нивната цел, односно на кој начин при користење на истите, се зачувува животната средина. Едукативните обуки предизвикаа големо интересирање кај учениците од Општина Карпош.



# ЗНАМЕНИТОСТИТЕ НА КАРПОШ -ИНСПИРАЦИЈА ЗА МЛАДИТЕ СЛИКАРИ

Петокот (18.09), во комплексот „Свети Пантелејмон" свечено започна деветтата традиционална истоимена ликовна колонија, која е под покровителство на Општина Карпош. Во организација на Детскиот ликовен центар „Карпош", учесниците, 50-тина деца од основните училишта од Карпош и четири збратимени општини , ќе се дружат и творат во наредните два дена. На оваа ликовна манифестација учествуваат ученици од десетте основни училишта во Карпош, а на нивно огромно задоволство присуствуваат и ученици од збратимените општини, Тиват-Црна Гора, Стари Град-Сараево, Нови Београд-Србија и Травник-БиХ. Градоначалникот на Општина Карпош, Стевчо Јакимовски изрази задоволство од големиот број учесници и заинтересираноста за оваа манифестација која прерасна во традиција и која се стреми да биде една од поголемите културни манифестации во Општина Карпош.

-Оваа е деветта по ред ликовна детска сликарска колонија, која ја организира Општина Карпош заедно до Детскиот ликовен центар. Особено ми е мило што на оваа ликовна колонија доаѓаат и деца од нашите збратимени општини, и кои заедно со нашите ученици кои се талентирани во делот на сликарската уметност ќе се дружат наредниве неколку дена. Покрај развивање на сликарството и ширење на љубовта кон него, целта на оваа ликовна колонија е дружење и запознавање меѓу младите творци, како и да се запознаат со културата во Република Македонија. За таа цел тие ќе обиколат неколку знаменитости во Град Скопје, како што е Старата чаршија, центарот на Скопје, Археолошкиот музеј на Македонија и други културни споменици во Градот и Општина Карпош. Ние сакаме да покажеме дека нашата соработка традиционално продолжува и таа има длабоки корени, и доколку и младите генерации ја негуваат









таа ќе се проширува и ќе трае, рече Јакимовски. Ликовната творечка работа на учениците беше инспирирана од околината која ги обзеде нивните креативни мисли, а тоа се падините на планината Водно како и големиот црковен комплекс „Свети Пантелејмон“. Ликовните творби талентираните ученици ги работат во техника акрил на платно. Во сабота, 19.09.2015 година, тие ќе имаат заедничко групно сликање на платно во дворот на библиотеката „Другарче“. При испраќањето на гостите, претседателот на Советот на Општина Карпош, Сашо Лазаревски ќе им ги додели дипломите и благодарниците на сите учесници на Деветтата ликовна колонија „Свети Пантелејмон“.

# ООУ „ДИМО ХАЏИ ДИМОВ“ ПОБЕДНИЦИ НА ТУРНИРОТ „ФУДБАЛ НА ПЕСОК“

Одделението за спорт и култура при Општина Карпош успешно го организираше турнирот „Фудбал на песок“ кој се востанови за прв пат оваа година. По елиминационите натпревари помеѓу учениците-спортисти од десетте основни училишта од Општина Карпош и основното приватно училиште „Јахја Кемал“, фудбалерите од ООУ „Димо Хаџи Димов“ во финалето успеаја да ги совладаат своите противници, учениците од ООУ „Аврам Писевски“ и да завршат на првото место. Второпласираните ученици од ООУ „Аврам Писевски“ не „поткленаа“ со духот и најавија дека догодина ќе се обидат тие да бидат на победничкиот пиедестал. Во рамките на турнирот, третото место го освои училишниот тим од ООУ „Лазо Трповски“, кои неуморно играа до последниот здив на спортските терени на кејот од реката Вардар, Градска плажа. Победничкиот пехар на основците од ООУ „Димо Хаџи Димов“ им го врачи претседателот на Советот на Општина Карпош, Сашо Лазаревски и им посака уште многу други успешни фудбалски натпревари.

-Целата реализација на турнирот помина одлично. Би сакал да се пофалам, ние сме прва Општина која организира ваков турнир „Фубал на песок“ помеѓу основни училишта на територија на Карпош. Успешно го завршивме турнирот и планираме секоја година ова да го повторуваме и се разбира истиот да прерасне во традиционален.



# УЛИЧЕН БАСКЕТ ТУРНИР ВО КАРПОШ

Општина Карпош која е една од најспортските општини во Република Македонија, продолжува со реализација на низа спортски активности. Така, во саботата (19.09) на територија на Карпош се одржа премиерниот Менито стрит баскет (Menitoo Street Basket), кој е во организација на „Менито“-веб портал за онлајн нарачки за храна, а Општина Карпош е поддржувач на целата оваа спортска манифестација. Љубителите на уличната кошарка имаа можност да се пријават тимски, да играат и да се забавуваат. Освен што се играше “баскет“, целодневниот настан изобилуваше и со богата музичка програма, храна и пијалоци како и друштвени игри за сите посетители. Освен турнирот што е од забавен карактер, на истиот се доделуваа награди за најдобрите и тоа за прво место „Сони Екшн камера“, ваучер за спортска опрема во вредност од 10.000 денари како и ваучер за нарачки на храна од „Менито“- во вредност од 10.000 денари. За второпласираните се доделија ваучери за спортска опрема во вредност од 6.000 денари, ваучер за нарачки на храна од „Менито“- исто во вредност од 6.000 денари како и Менито Стрит баскет маици. Играчите кои го освоија третото место добија ваучер за спортска опрема во вредност од 3.000 денари, ваучер за нарачки на храна од „Менито“- во вредност од 3.000 денари и Менито стрит маици. Овој голем настан е уште еден доказ дека Општина Карпош секогаш ги поддржува спортските настани.





# ЗАВРШИ IX ДЕТСКА СЛИКАРСКА КОЛОНИЈА „СВЕТИ ПАНТЕЛЕЈМОН“

Со заедничко групно сликање на платно во дворот на библиотеката „Другарче“ и со пригодно предавање на благодарници за учество, во саботата (19.09) заврши IX-та по ред детска сликарска колонија „Свети Пантелејмон“ која традиционално ја организира локалната самоуправа од Карпош во соработка со Детскиот ликовен центар. Триесеттина деца, млади надежни сликари од кои 21. од десетте општински основни училишта од Карпош и девет од четирите збратимени општини Тиват, Нови Београд, Стари Град - Сараево и Травник од БиХ, три дена беа гости на Општината и креативно се дружеа во рамки на оваа ликовна манифестација. Инспирирани од убавините на манастирот Св.Пантелејмон, од Скопската чаршија и од дузина други знаменитости од Општината и Градот, тие ги пренесуваа своите импресии со вештите раце на платно, под будните очи на своите професори по ликовно образование и ментори. Во опуштена атмосфера, на крајот од колонијата претседателот на Детскиот ликовен центар Владимир Лазоски и сликарот и професор Харалампие Манчевски свечано им ги врачија дипломите на сите учесници на овој традиционален културен настан. Посебни благодарници за сесрдната поддршка на детската ликовна колонија добија Општина Карпош, градоначалникот Стевчо Јакимовски, претседателот на Советот на Општина Карпош - Сашо Лазаревски, раководителката на Секторот за јавни дејности Анета Марковска Илиевска, претседателот на Комисијата за култура, советникот Горан Михајлов, како и советникот Зоран Поповски, како еден од најголемите лобисти за опстојување на оваа манифестација. На огромно задоволство, присутни учесници од збратимени Општини беа следните ментори и ученици:



1. ОПШТИНА НОВИ БЕОГРАД, Р. СРБИЈА Ментор-професор: Мирјана Филиповиќ-Курузовиќ - Олга Бунчиќ, ОШ,,Милан Ракиќ", - Марија Курузовиќ, ОШ,,Бранко Радичевиќ" 2. ОПШТИНА ТИВАТ, Р. ЦРНА ГОРА Ментор-професор: Милица Кривокапиќ, Средна Мјешовита Школа ,,Младост" - Александра Кривачевиќ, ОШ,,Бранко Бриниќ", - Викторија Самарџиќ, ОШ,,Драго Миловиќ" 3. ОПШТИНА ТРАВНИК, БОСНА И ХЕРЦЕГОВИНА Ментор-професор: Мирсада Главаш, - Харис Хаткиќ, - Емин Муслимовиќ 4. ОПШТИНА СТАРИ ГРАД – САРАЕВО,БОСНА И ХЕРЦЕГОВИНА Ментор-професор: Зекеријах Налиќ ОШ,,ХАМДИЈА КРЕШЕВЉАКОВИЌ" - ученик Далила Јашаревиќ - ученик Хаса Бугари Учесници од ОПШТИНА КАРПОШ ООУ,,ЈАН АМОС КОМЕНСКИ" Ментор-професор: Илија Богоевски - Илина Дураковска, - Андреа Димова ООУ,,ВЕРА ЦИРИВИРИ-ТРЕНА" Ментор-професор: Лилјана Ружиновска - Елена Попоска, - Борјан Динев ООУ,,БРАТСТВО" Ментор-професор: Лилјана Ружиновска - Деспина Мојсова, - Ангелина Зафирова Ментор-професор: Леонтина Кадриу - Хана Селмани ООУ,,ХРИСТИЈАН ТОДОРОВСКИ-КАРПОШ" Ментор-професор: Лилјана Ружиновска - Бисера Станојевска - Јоана Благадуша ООУ,,ВЛАДО ТАСЕВСКИ" Ментор-професор: Марица Бакоч - Евгенија Трајковска - Викторија Гоговска ООУ,,ЛАЗО ТРПОВСКИ" Ментор-професор: Маре Мановска - Ива Затенко - Бојана Маројевиќ ООУ,,ВОЈДАН ЧЕРНОДРИНСКИ" Ментор-професор: Маре Мановска - Викторија Фернандес - Теодора Петрушевска ООУ,,ДИМО ХАЏИДИМОВ" Ментор-професор: Соња Поповска-Трајковска - Ања Цветкова - Душан Цветков ООУ,,ПЕТАР ПОП АРСОВ" Ментор-професор: Тони Шулајковски - Елеонора Данаиловска - Филип Добричиќ ООУ,, АВРАМ ПИСЕВСКИ" Ментор-професор: Тони Шулајковски - Дона Митевска - Христина Златановска



# ИЗЛОЖБА -„САРАЈЕВСКО ОГЛЕДАЛО“ ВО КАРПОШ

Во рамки на Деветтата ликовна колонија „Свети Пантелејмон“, во саботата (19.09) свечено се отвори изложба на слики на ликовните трудови на познатиот сараевски академски сликар Зекеријах Налиќ. Изложбата беше насловена „Сарајевско огледало“, а претставува збир на дела изработени на дрво кое е симнато од сараевските капии, поточно т.н. „Вратнички капии“. Шиндрата на која се изработени ликовните творби од животот на Сараево, градот и портите каде израснаа Хари Мата Хари, Дино Мерлин, Кемал Монтено... и многу други уметници кои го отпеаја овој сегмент од босанската метропола, е стара најмалку 100 години. Изложбата на академскиот сликар Зекеријах Налиќ ја отвори претседателот на Комисијата за култура при Советот на Општина Карпош, Горан Михајлов, кој упати голем поздрав до присутните љубители на добрите сликарски дела и се заблагодари што Општина Карпош има чест да соработува со уметник од висок калибар. Општина Карпош, заедно со Детскиот ликовен центар се организатори на сликараската колонија „Свети Пантелејмон“ на која учествува и Налиќ. Тој во знак на благодарност за гостопримството и можноста за отворање на неговата изложба. која е многу значајна за него, но и за цело Сараево, со скромен подарок ја поздрави Општината и целата реализација на овогодинешната ликовна колонија.

